Вршител на должност- Директор на ДСУ „Математичко-информатичка гимназија“-Скопје, врз основа на член 14 став 4 од Законот за Математичко-информатичката гимназија, а во согласност со член 4 од Првилникот за посебните критериуми на истакнати стручни лица кои ја остваруваат воспитно-образовната работа на Математичко-информатичка гимназија, член 92 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20, 269/23, 78/25 и 132/25), член 102 од Статутот на училиштето и Известувањето од Министерството за образование и наука со деловоден бр.13-8777/5 од 29.07.2026 година, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## за распишување на јавен оглас за избор на истакнати стручни лица кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

1. **ДА СЕ РАСПИШЕ,** јавен оглас:
   1. За избор на истакнати стручни лица кои ја остваруваат воспитно-образовната работа, на македонски наставен јазик во Математичко-информатичка гимназија, по следните наставни предмети:

| Ред. бр. | Наставен предмет | Фонд на часови на неделно ниво |
|---|---|---|
| 1. | Алгебра | 12 |
| 2. | Геометрија | 12 |
| 3. | Функции и реални броеви | 6 |
| 4. | Програмирање | 12 |
| 5. | Информатика | 10 |
| 6. | Математичка анализа | 6 |
| 7. | Објектно ориентирано програмирање | 2 |
| 8. | Интелегентни системи | 3 |
| 9. | Теорија на графови | 3 |
| 10. | Теорија на броеви | 3 |
| 11. | Бази на податоци | 2 |
| 12. | Примена на математиката во економијата | 3 |
| 13. | Програмски парадигми | 3 |
| 14. | Web програмирање | 3 |

   2. За избор на истакнати стручни лица кои ја остваруваат воспитно-образовната работа, на албански наставен јазик во Математичко-информатичка гимназија, по следните наставни предмети:

| Ред. бр. | Наставен предмет | Фонд на часови на неделно ниво |
|---|---|---|
| 1. | Алгебра | 12 |
| 2. | Геометрија | 12 |
| 3. | Функции и реални броеви | 6 |
| 4. | Програмирање | 12 |
| 5. | Информатика | 10 |
| 6. | Математичка анализа | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Објектно ориентирано програмирање | 2 |
| 8. | Интелегентни системи | 3 |
| 9. | Бази на податоци | 2 |
| 10. | Веројатност и статистика | 3 |
| 12. | Иновации | 3 |
| 13. | Web програмирање | 3 |

**3.** Услови и критеруми за избор на истакнато стручно лице:

За истакнато стручно лице може да се избере лице кое покрај општите услови пропишани со Законот за средно образование, Законот за Математичко-информатичка гимназија, односно лице на кое со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и кое исполнува најмалку еден од следните посебни услови:

- Да има стекнато научен степен доктор на науки на соодветна област;
- Да е запишан на докторски студии на соодветна област;или
- Да има стекнато научен степен магистер од соодветна област;
- Истакнат професот со завршени VII-1 степен од соодветната област, односно да бил ментор на ученик кој бил наградуван на престижен мешународен натпревар од соодветна област.

Лицата кои исполнуваат еден од погоре наведените посебни услови треба да се во редовен работен однос (универзитет, институт, училиште) во соодветна област.

---

Кандидатите кон Пријавата треба да ги приложат следните документи:

**-** Диплома или Уверение за завршени студии VII-1 или VIA според НРК и 240 ЕКТС, во согласност со нормативот за наставен кадар;
- Соодветен доказ дека исполнуваат најмалку еден од посебните услови;
- Потврда дека се во редовен работен однос;
- Доказ дека против кандидатот не е изречена казна или прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност издаден од надлежен орган.

**2.** Јавниот оглас ќе се објави во 2 (два) јавни гласила – дневни весници и тоа еден на македонски јазик и еден на албански јазик и истиот да трае 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавувањето. Математичко-информатичка гимназија, Истакнатото стручно лице ќе го ангажира од 01.09.2026 година до 31.12.2026 година.

**3.** **ЌЕ СЕ ФОРМИРА,** Комисија за разгледување на документите.

**4.** Изборот ќе го изврши вршител на должност-Директор на училиштето.

**5.** Сите потребни документи во оригинал форма или заверена фотокопија на нотар, да се доставуваат до **Државно средно училиште „Математичко-информатичка гимназија“ – Скопје, бул. „Партизански одреди“ број 91, 1000 Скопје** по **препорачана пошта, брза пошта или во архивата на училиштето,** со назнака **„ јавен оглас за избор на истакнати стручни лица кои ја остваруваат воспитно-образовната работа за нзастава на македонски и настава на албански наставен јазик“**. Некомплетните, неуредните и ненавремено доставените документи ќе бидат отфрлени и нема да се разгледуваат од страна на Училишниот одбор.

**6.** **СЕ ОПРЕДЕЛУВА,** контакт лица по јавниот оглас: **Дијана Петрова – вршител на должност-Директор,** со контакт телефон **070/423-564** и контакт е-маил адреса **dsu.mig.skopje@gmail.com**

---

**7.** Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

ДСУ „Математичко-информатичка гимназија“-Скопје
в.д. Директор,
Дијана Петрова